# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 1**<br><br>**02.02.2026** | **Гласникот е бесплатен** |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Врз основа на член 5 став (2) алинеја (2) од Законот за управување со кризи („(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25),член 13 став (1) и член 14 став (1) од Уредбата за методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Службен весник на Република Македонија“ бр.128/23) и член 14, став (1), точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23 , 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности**

**Ч л е н 1**

Со оваа одлука на Советот на Општина Крива Паланка, започнуваат активностите за редовно ажурирање на **Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности** (донесена од Советот на Општина Крива Паланка со Одлука бр.07-863/4 од 19.12.2014 година), координирани од страна на ПО Регионален центар за управување со кризи - Крива Паланка.

**Ч л е н 2**

Оваа одлука влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

**Бр. 09- 402/3**
**30.01.2026 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковски с.р**



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности**

1. Се објавува Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности ,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/4**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 став (1) точка 10 и 39 од Статутот на Општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со Програмата за образование на Општина Крива Паланка за 2026 година, бр.09-6407/11 од 09.12.2025 година Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2026/2027 година на територијата на Општина Крива Паланка.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува еднократна парична помош на семејства со прваче, запишано во основните училишта во Општина Крива Паланка и со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Еднократната парична помош на семејства со прваче изнесува 3.000,00 денари.

**Член 3**

За остварување на правото на еднократна парична помош од член 2 на оваа Одлука, родителите/старателите на првачето се должни кон барањето да приложат потврда за запишан ученик во прво одделение во учебната 2026/2027 година заверена од основното училиште од територија на општина Крива Паланка (оргинал), фотокопија од извод од матична книга на родените (за првачето), фотокопија од важечка лична карта или патна исправа за еден од родителите/старателите од кој се видни податоците за живеалиштето во општина Крива Паланка, фотокопија од активна трансакциска сметка за истиот родител/старател (даночен обврзник) од кој е приложена копија од лична карта или патна исправа.

**Член 4**

Средствата за исплата на еднократен финансиски надоместок од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-402/5**
**30.01.2026 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2026/2027 година на територијата на Општина Крива Паланка.**

1. Се објавува Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2026/2027 година на територијата на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/6**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 став (1) точка 10 и 39 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со Програмата за образование на Општина Крива Паланка за 2026 година бр.09-6407/11 од 09.12.2025 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2025/2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува еднократна парична помош на матуранти, запишани во СОУ „Ѓорче Петров„ Крива Паланка во учебната 2025/2026 година.

**Член 2**

Еднократната парична помош на матурантите изнесува 3.000,00 денари.

**Член 3**

За остварување на правото на еднократна парична помош од член 2 на оваа Одлука, матурантот е должен кон барањето да приложи потврда за редовно запишан ученик во четврта година за учениците од четиригодишното образование или во трета година за учениците од тригодишното образование во учебната 2025/2026 година заверена од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка (оригинал), фотокопија од еден од наведените документи (извод од матична книга на родени или важечка лична карта или важечка патна исправа за матурантот), фотокопија од активна трансакциска сметка за матурантот.

**Член 4**

Средствата за исплата на еднократен финансиски надоместок од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 402/7**
**30.01.2026 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2025/2026 година**

1. Се објавува Одлука за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2025/2026 година ,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/8**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на културата и културнита манифестации за 2026 година, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на ден 30.01.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност за трансфер на средства на НУ Центар за култура за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка**

**во областа на културата и културните манифестации за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крива Паланка да изврши трансфер на средства од Буџетот на општината на други субјекти за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година бр.09-6407/15 од 09.12.2025 година.

**Член 2**

Во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година, во глава II-АКТИВНОСТИ, во табела со Преглед на културни настани и манифестации, во делот на настанани/манифестација - **Кривопаланечко културно лето**, на носителот на активноста **НУ Центар за култура** – Крива Паланка, Општина Крива Паланка да изврши трансфер во вкупен износ од **1.000.000,00 денари**, согласно Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година. Средствата ќе бидат исплатени од Програмата К4, конто 464990, по претходно склучен договор со наведениот субјект.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 402/9**
**30.01.2026 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**

**Крива Паланка** **Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на НУ Центар за култура за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година**

1. Се објавува Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на НУ Центар за култура за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/10** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**02.02.2025 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на културата и културнита манифестации за 2026 година, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на ден 30.01.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност за трансфер на средства на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка за реализација наактивности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крива Паланка да изврши трансфер на средства од Буџетот на општината на други субјекти за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година бр.09-6407/15 од 09.12.2025 година.

**Член 2**

Во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и

културните манифестации за 2026 година, во глава II-АКТИВНОСТИ, во табела со Преглед на културни настани и манифестации, настанан/манифестација Бадник и Божик, Сусурига, Ден на ромите, Смотра на олд тајмери, Св. Јоаким Крчовски, Св.Кирил и Методиј-Ден на просветата и културата, Концерт по повод патрониот празник на општината Св.Јоаким Осоговски, Свечена академија, концерт на ден на градот, Шопска софра и Новогодишен базар/фестивал, на носителот на активноста **Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка**, Општина Крива Паланка да изврши трансфер во вкупен износ од **5.010.000,00 денари**, согласно Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година. Средствата ќе бидат исплатени од Програмата К4, конто 464990, по претходно склучен договор со наведениот субјект.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 402/11**
**30.01.2026 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка за реализација наактивности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година**

1. Се објавува Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка за реализација наактивности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година ,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/12**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 5/02) , член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Одлуката за извршување на Буџетот на ЕЛС Кр.Паланка за 2026 година број 09-6757/15 од 26.12.2025 година („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.14/25) и согласно Одлука за давање на согласност на Програма за работа на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ за 2026 година со бр.09-6757/5 донесена на 26.12.2025, (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 14/25) по доставено Барање бр. 05-316/1 од 20.01.2026, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 30.01.2026 година, донесе :

**О Д Л У К А**

**за Субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка одобрува субвенционирање на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ во износ од 500.000,оо денари за трошоци на име хонорари и надоместоци, надворешни услуги и оперативно материјални трошоци, предвидени во програмата за работа на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ за 2026 година.

Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се исплаќаат сукцесивно од буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година, од програма А0 – Совет на општина во ставка 464 – разни трансвер

**Член 2**

Фондација „Со срце за Крива Паланка“ финансиските средства од член 1 на оваа одлука треба да ги користи строго наменски во согласност со потребата за која се одобрени.

**Член 3**

Фондација „Со срце за Крива Паланка“ до Советот на општина Крива Паланка да достави Извештај за наменско користење на средствата одобрени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година.

**Член 4**

Оваа одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

**Бр. 09 – 402/13**
**30.01.2026 одина**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за Субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ за 2026 година**

1. Се објавува Одлука за Субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ за 2026 година,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/14**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), согласно Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година бр.09-6407/18, а во врска со Одлуката за прифаќање и доделување на организација на спортските активности ,,Фудбал за сите'' и ,,Општински крос'' на Општински училишен спорт – Крива Паланка бр.09-6407/7 од 09.12.2025 година, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на ден 30.01.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност за трансфер на средства на „Општински училишен спорт“ за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крива Паланка да изврши трансфер на средства од Буџетот на општината на други субјекти за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година бр.09-6407/18 од 09.12.2025 година и Одлуката за прифаќање и доделување на организација на спортските активности ,,Фудбал за сите'' и ,,Општински крос'' на Општински училишен спорт – Крива Паланка бр.бр.09-6407/7 од 09.12.2025 година.

**Член 2**

Во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година, во цел 1 од Акцискиот план - Поттикнување на развојот на знаењата кај учениците/спортисти преку стимулирање на спортските активност и обезбедување поддршка за учество на спортски настани и турнири, за настаните од точка **1.2 Организирање настан „ФУДБАЛ ЗА СИТЕ“** и **1.4 Организирање на општински крос** на носителот на активноста **„Општински училишен спорт“ - Крива Паланка**, Општина Крива Паланка да изврши трансфер во вкупен износ од **500.000,оо денари**, согласно Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година . Средствата ќе бидат исплатени од Програмата LO, конто 464990, по претходно склучен договор со наведениот субјект.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-402/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**30.01.2026 год.** **Претседател**
**Крива Паланка** **Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на „Општински училишен спорт“ за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година**

1. Се објавува Одлука за здавање на согласност за трансфер на средства на „Општински училишен спорт“ за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година ,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/16** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**02.02.2025 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 53 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21 и 39/25), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка бр.09–6757/15 од 26.12.2025 година, а по Барањето бр.1012-22/5 од 13.01.2026 година на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.01.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за доделување на финансиска помош за жртва на семејно и родово базирано насилство**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Крива Паланка, доделува 15.000,00 денари финансиска помош на Делфина Ван Мееген од Крива Паланка која е жртва на родово-базирано насилство и семејно насилство, врз основа на Барањето бр.1012-22/5 од 13.01.2026 година на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Крива Паланка.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка бр.09–6757/15 од 26.12.2025 година – Програма А0 – Совет на општина, расходно конто 412 постојани резерви и истите ќе бидат уплатени на име [redacted] од Крива Паланка со адреса на живеење по ЛК на ул.„Единство“ бр.36, Крива Паланка, со ЕМБГ [redacted] средствата ќе бидат исплатени на жиро сметка [redacted].

**Член 3**

Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 402/17**
**30.01.2026 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на финансиска помош за жртва на семејно и родово базирано насилство**

1. Се објавува Одлука за доделување на финансиска помош за жртва на семејно и родово базирано насилство ,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/18**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 42 од Законот за средно образоване („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/2020) и член 14 став (1) точка 10 и 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 30.01.2026 година донесе

**ОДЛУКА**

**за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка за учебната 2026/2027 година**

Член 1

Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на Предлог-планот бр.02-235/2 од 16.01.2026 година, доставен од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка за упис на ученици во прва година за учебната 2026/2027 година.

Член 2

Предлог-планот за запишување на ученици е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-402/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.01.2026 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка за учебната 2026/2027 година**

1. Се објавува Одлука за за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка за учебната 2026/2027 година , што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/20**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став (1), точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14, став (1),точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.01.2026 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

**За давање согласност на Одлука за утврдување на услови за приклучување на водоводна и канализациона мрежа од времен карактер**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност за утврдување на услови за приклучување на водоводна и канализациона мрежа од времен карактер бр.02-1065/4 од 24.12.2025 година донесена од Управниот одбор на ЈП Комуналец Крива Паланка.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-402/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.01.2026 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на услови за приклучување на водоводна и канализациона мрежа од времен карактер**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на услови за приклучување на водоводна и канализациона мрежа од времен карактер ,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/22**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на Република Северна Македонија „ бр.101/2019 ), член 14 став (1) точка 10 и 39 и член 71 став (1) од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“бр. 08/10,12/10, 08/14, 02/18, 03/19 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 30.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2025 година – Крива Паланка**

Член 1

1. Со оваа Одлука се усвојува Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2025 година – Крива Паланка.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 – 402/23**
**30.01.2026 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2025 година – Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за усвојување на Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2025 година – Крива Паланка,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/24**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 23 став (3) од Закон за угостителска дејност(„Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) и член 14 став (1) 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23 , 05/24 и 09/24),Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 30.01.2026 година донесе

**О Д Л У К А**

**За продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Крива Паланка за 2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти кои работат на подрачјето на Општина Крива Паланка ,за одредени туристички ,културни и друг вид на манифестции ,во согласност на годишните програми на Општина Крива Паланка за 2026 година .

Член 2

Советот на Општина Крива Паланка го продолжува работното време на угостителските објектиод Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 1 час за деновите:

- 30 април,1 мај и 2 мај
- 22-ри, 23-ти и 24-ти мај;
- 1-ви и 2-ри август;

- 7-ми септември;
- 8-ми ,9-ти ,10-ти и 11-ти октомври;
- 23-ти и 24-ти октомври;
- -7-ми декември.

Советот на Општина Крива Паланка го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 2 часа за деновите:

- 10–ти,11-ти и 12-ти април;
- 28-ми и 29-ти и 30-ти август

-31-ви декември

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-402/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.01.2026 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Крива Паланка за 2026 година**

1. Се објавува Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Крива Паланка за 2026 година ,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/26** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**02.02.2025 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со член 17-ѓ и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка**

**Член 1**

Се разрешува Даница Павловска од вршител на должноста член на Надзорниот одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка именувана со решение бр.09-6407/101 од 09.12.2025 година , по нејзино барање заради лични причини .

**Член 2**

Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 402/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.01.2026 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за разрешување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за разрешување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/28**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со член 17 став (3) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на вршители на должност членови на Управен одбор на на ЈП„Калин Камен„ Крива Паланка**

**Член 1**

Се разрешуваат вршителите на должност членовите на Управниот одбор на на ЈП„Калин Камен„ Крива Паланка и тоа:

-Стевче Благоевски од Крива Паланка ,Дипломиран сообраќаен инжинер;

-Мирче Давидовски од Крива Паланка ,Дипломиран правник;

-Никола Крстевски од Крива Паланка ,Дипломиран земјоделски инжинер ;

-Миле Марковски од Кирива Паланка ,Дипломиран градежен инжинер.

**Член 2**

Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 402/29**
**30.01.2026 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

## З А К Л У Ч О К

**за објавување Решение за разрешување на вршители на должност членови на Управен одбор на на ЈП„Калин Камен„ Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за разрешување на вршители на должност членови на Управен одбор на на ЈП„Калин Камен„ Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/30** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**02.02.2025 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 14 став (1) точка 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со член 17-а став (4) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), по предлог на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка**

**Член 1**

Со ова Решение Советот на Општина Крива Паланка формира Комисија за селекција за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка.

За членови на комисијата се именуваат:

- Претседател - Даниела Велковска, вработена во Општина Крива Паланка;
- Заменик Претседател - Сања Цветковска вработена во Општина Крива Паланка;
- Член - Игор Додевски, вработен во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Крива Паланка;
- Заменик член - Валентина Димитриовска, вработена во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Крива Паланка;
- Член - Биљана Тасевска, вработена во Општина Крива Паланка;
- Заменик член - Никола Граматиков, вработен во Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Комисијата од член 1 на ова Решение е должна да ја спроведе постапката за селекција на кандидати по објавениот Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка**,** согласно Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите.

**Член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 402/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.01.2026 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/32**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 14 став (1) точка 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а по предлог на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
### за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка

**Член 1**

Општина Крива Паланка распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот

повик може да се пријаваат сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови во управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 402/33**
**30.01.2026 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковскис.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 17 и 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 14 став (1) точка 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а по предлог на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка објавува:

**Јавен повик**
**за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка**

**ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на (5) члена во Управен одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка, со седиште на ул.„Св.Јоаким Осоговски“ бр.175, Крива Паланка.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и

начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

**ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Крива Паланка www.krivapalanka.gov.mk.

**УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

За член на Управен одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка, треба да имаат и најмалку 5 години работно искуство, и тоа:

– најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и

– најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка се:

1. Образец за пријавување,
2. Кратка биографија,
3. Уверение за државјанство на Република Северна Македонија (не постаро од шест месеци),
4. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
5. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постара од шест месеци),
6. Потврда дека има најмалку пет години работно искуство (Преглед/потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија),
7. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон за бараната позиција.

**ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ**

Постапката за селекција на членовите на управен одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка се состои од две фази и тоа:

-Фаза 1 – административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и

– Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Крива Паланка: www.krivapalanka.gov.mk.

**РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Јавниот повик се објавува на ден 02.02.2026 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 06.02.2026 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е во прилог кон повикот) да ја достават до:

Архивата на Општина Крива Паланка, ул.„Св.Јоаким Осоговски“ бр.175, Крива Паланка (со назнака: За Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка).

Незадоволните кандидати од изборот за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковски**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

## З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/34** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**02.02.2025 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14 став (1), точка 3 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 30.01.2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТНА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ–ДЕКЕМВРИ 2026 ГОДИНА**

## I. Вовед и правна основа

Оваа програма ја утврдува планираната динамика на разгледување и донесување на акти, програми, извештаи и информации од надлежност на Советот на Општина Крива Паланка во текот на 2026 година. Точните термини се утврдуваат со дневниот ред на седниците, согласно законските рокови и потребите на општината.

## II. План на материјали, акти и извештаи за разгледување во 2026 година

| Реден број | Материјал / акт / извештај | Изготвувач | Ориентационен период |
|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | | | |
| 1 | Програма за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2026 година. | ЈП „Комуналец“ Крива Паланка | јануари 2026 |
| 2 | Извештај за стопанисување со спортски | ЈП „Комуналец“ | јануари 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | објекти. | Крива Паланка | |
| 3 | Извештај за јавна безбедност. | Надлежна служба МВР Крива Паланка | јануари-септември 2026 |
| 4 | Извештај за пристап до информација од јавен карактер. | ЛЕР | јануари 2026 |
| 5 | Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2026 година. | Комисија за иработка на програмата | јануари 2026 |
| **ФЕВРУАРИ** | | | |
| 6 | Извештај за работа на Градски музеј за 2025 година и Програма за работа на Градски музеј. | Градски музеј<br><br>Крива Паланка | Извештај: февруари - март 2026<br>Програма септември – декември 2026 |
| 7 | Извештај за работа од областа на образование, спорт и млади . | ЛЕР | февруари 2026 |
| 8 | Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности меѓу мажите и жените. | Комисија за еднакви можности | февруари – март 2026 |
| 9 | Извештај за зимско одржување на улиците, тротоари и локални патишта во Општина Крива Паланка за 2025/2026 година. | Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура | февруари 2026 |
| 10 | Извештај за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Крива Паланка за 2025 година. | Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура | февруари 2026 |
| 11 | Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2026 година. | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина | февруари – март 2026 |
| 12 | Извештај за реализација на Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2026 година. | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина | февруари 2026 |
| 13 | Извештај за реализација на Програма за третирање на бездомни животни на | Одделение за урбанизам, | февруари 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | подрачјето на Општина Крива Паланка за 2025 година. | сообраќај и заштита на животната средина | |
| 14 | Извештај за реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година. | Одделение за јавни дејности | февруари 2026 |
| 15 | Извештај за реализирани активности по програмата за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2025 година. | ЈП „Комуналец“ Крива Паланка | февруари 2026 |
| | **МАРТ** | | |
| 16 | Извештај за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2025 година. | ЈП „Комуналец“ Крива Паланка | март 2026 |
| 17 | Усвојување на Завршна сметка на ООУ „Илинден“, ООУ „Св. Јоаким Крчовски“, СОУ „Ѓорче Петров“, Детска градинка „Детелинка“ Дом за ученици „Боро Менков“ за 2025 година. | Надлежни образовни институции | март 2026 |
| 18 | Усвојување на Завршна сметка Општина Крива Паланка за 2025 година. | Одделение за финансиски прашања | март 2026 |
| 19 | Годишен извештај за работата на Општина Крива Паланка за 2025 година | Општинска администрација | март 2026 |
| 20 | Разгледување на ревизорски извештај и тековна состојба | Одделение за ревизија | март 2026 |
| 21 | Информација за хемиско биолошката анализа на водата на водоводите со кои управува ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка и состојба со локалните водоводи на територијата на Општина Крива Паланка. | ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка | март 2026 |
| 22 | Информација за состојбата на градската депонија во село Конопница | ЈП „Комуналец“ Крива Паланка | март - август 2026 |
| | **АПРИЛ** | | |
| 23 | Донесување на фискална стратегија. | Одделение за финансиски прашања | април 2026 |
| 24 | Разгледување на квартален извештај – I | Одделение за финанси, општински | април 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | квартал (јануари–март). | имот и администрирање со даноци и имот | |
| **МАЈ** | | | |
| 25 | Правилник/Критериуми и постапка за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации. | Одделение за правни работи | мај 2026 |
| 26 | Правилник/Одлука за годишни награди на Општина Крива Паланка. | Одделение за правни работи и јавни дејности | мај 2026 |
| 27 | Одлука/Правилник за финансиска помош и поддршка на ранливи категории на граѓани од Општина Крива Паланка(по потреба). | Одделение за правни работи | мај 2026 |
| **ЈУЛИ** | | | |
| 28 | Информација за извршената наплата на данок од имот во Општина Крива Паланка за 2025. | Одделение за финансиски прашања | јули 2026 |
| 29 | Програма за уредување на авто-такси стојалиштата и останатата сообраќајна сигнализација. | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина | јули 2026 |
| 30 | Разгледување на квартален извештај – II квартал (април–јуни). | Одделение за финанси, општински имот и администрирање со даноци и имот | јули 2026 |
| **СЕПТЕМВРИ** | | | |
| 31 | Информација за појавите и проблемите во бесправната градба во Општина Крива Паланка, со предлог-мерки за | Градежна инспекција | септември 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | разрешување на проблемите. | | |
| 32 | Извештај за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ Крива Паланка 2025/2026 година. | СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка | септември 2026 |
| 33 | Годишна програма за работа на СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка за учебната 2026/2027 година. | СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка | септември 2026 |
| 34 | Извештај за работа на ООУ „Св.Јоаким Крчовски“ - Крива Паланка за учебната 2025/2026 година. | ООУ „Св.Јоаким Крчовски“ | септември 2026 |
| 35 | Годишна програма за работа на ООУ „Св.Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка за учебната 2026/2027 година. | ООУ „Св.Јоаким Крчовски“ | септември 2026 |
| 36 | Извештај за работа на ООУ „Илинден“ – Крива Паланка за учебната 2025/2026 година | ООУ „Илинден“ | септември 2026 |
| 37 | Годишна програма за работа на ООУ „Илинден“ – Крива Паланка за 2026/2027 | ООУ „Илинден“ | септември 2026 |
| 38 | Извештај за работа на Домот за ученици „Боро Менков“ – Крива Паланка за 2025/2026 година. | Домот за ученици „Боро Менков“ | септември 2026 |
| 39 | Годишна програма за работа на Домот за ученици „Боро Менков“ Крива Паланка 2026/2027 | Домот за ученици „Боро Менков“ | септември 2026 |
| 40 | Извештај за работа на Општинската јавна установа за деца – Детска градинка „Детелинка“ – Крива Паланка за учебната 2025/2026 година. | Детска градинка „Детелинка“ | септември 2026 |
| 41 | Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца – „Детелинка“ – Крива Паланка за учебната 2026/2027 година. | Детска градинка „Детелинка“ | септември 2026 |
| 42 | Програма за зимско одржување на улиците, тротоари и локални патишта во Општина Крива Паланка за 2026/2027 година. | Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура | септември 2026 |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ОКТОМВРИ** | | | |
| 43 | Предлог Програми за развој на Општина Крива Паланка | ЛЕР | октомври 2026 |
| 44 | Разгледување на квартален извештај – III квартал (јули–септември). | Одделение за финанси, општински имот и администрирање со даноци и имот. | октомври 2026 |
| **НОЕМВРИ** | | | |
| 45 | Програма за уредување на сообраќајна сигнализација на територијата на Општина Крива Паланка | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина | ноември 2026 |
| 46 | Програма за работа со месни заедници. | ЛЕР | ноември 2026 |
| 47 | Извештај за меѓуопштинска погранична и меѓународна соработка. | ЛЕР | ноември 2026 |
| 48 | Програма за работа на образование, спорт и физичката култура во Општина Крива Паланка | Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија. | ноември 2026 |
| 49 | Програма за уредување на градежно неизградено земјиште и одржување на комуналната инфраструктура во Крива Паланка за 2027 година. | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура. | ноември 2026 |
| 50 | Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локална патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2027 година. | Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура. | ноември 2026 |
| 51 | Програма за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Крива Паланка за 2027 година. | Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура. | ноември 2026 |
| 52 | Програма за одржување на парковите и градското зеленило како и спортскиот центар во Крива Паланка за 2027 | Одделение за изградба и одржување на комуналната | ноември 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | година. | инфраструктура. | |
| 53 | Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2027 година. | Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура. | ноември 2026 |
| 54 | Програма за изработка на урбанистички планови за Општина Крива Паланка за 2027 година. | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина. | ноември 2026 |
| 55 | Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Крива Паланка за 2025 година. | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина. | ноември 2026 |
| 56 | Програма за третирање на бездомните животни на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2026 година | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина. | ноември 2026 |
| 57 | Разгледување на Предлог – Буџет на Општина Крива Паланка за 2027 година | Одделение за финансиски прашања | ноември 2026 |
| 58 | Извештај за работа на совет за социјална заштита. | Општинска администрација | ноември 2026 |
| 59 | Извештај за работа на совет на млади. | Општинска администрација | ноември 2026 |
| 60 | Извештај за работа на Фондација ,, Со срце за Крива Паланка“ за 2026 година. | Фондација ,, Со срце за Крива Паланка | ноември 2026 |
| 61 | Програма за работа на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка 2027 година. | Фондација ,, Со срце за Крива Паланка | ноември 2026 |
| **ДЕКЕМВРИ** | | | |
| 62 | Донесување на буџетски календар за квартал. | Одделение за финансиски прашања | декември 2026 |
| 63 | Извештај од работата на редарските служби за одржување на јавна чистота во Општина Крива Паланка | Одделение за инспекциски надзор. | декември 2026 |
| 64 | Извештај за работа на ТППЕ. | ТППЕ | декември 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 65 | Извештај за реализација на проекти од странски донатори. | Одделение з а финанси, општински имот и администрирање со даноци и имот | декември 2026 |
| 66 | Информација за искористеност на градежно земјоделско земјиште на | Одделение за комунална инфраструктура. | декември 2026 |
| 67 | Донесување Буџет на Општината Крива Паланка за 2027 година. | Одделение за финансии, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот | декември 2026 |
| 68 | Донесување Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2027 година. | Одделение за финансии, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот | декември 2026 |
| **КОНТИНУИРАНО / ПО ПОТРЕБА (2026)** | | | |
| 69 | Советнички прашања, предлози и иницијативи. | Совет на Општина | континуирано |
| **ЈАНУАРИ 2027** | | | |
| 70 | Разгледување на квартален извештај – IV квартал (октомври–декември). | Одделение за финанси, општински имот и администрирање со даноци и имот. | јануари 2027 |

**III. Тековни прашања и други материјали**

Покрај наведените точки, Советот во текот на 2026 година ќе расправа и одлучува и за други прашања од надлежност на општината (одлуки, согласности, информации, иницијативи), согласно потребите и законските обврски.

**Бр.09- 402/35**
**30.01.2026 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2026 година**

1. Се објавува Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2026 година,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/36**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1124/2 во КО Узем, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Узем на к.п.бр.1124/2 во КО Узем, Општина Крива Паланка сопственост на Санде Стаменковски.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Узем.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Узем за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-402/37**
**30.01.2026 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и („Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1124/2 во**

**КО Узем, Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1124/2 во КО Узем, Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/38**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24 “), член 34 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.28/03, 62/06, 08/09,175/11,101/2013) и член 14 став (1) точка 30 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на општина Крива Паланка“ бр.08/10,12/10, 8/14, 02/18, 03/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на општина Крива Паланка на 5-тата седницата одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

## ОДЛУКА

### За усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2025 година

#### Член 1

Со оваа Одлука се усвојува во целост Извештајот на извршен попис на средствата со состојба на ден 31.12.2025 година број 08-490/1 од 28.01.2026 година.

#### Член 2

Извештајот од Пописната комисија за извршениот попис на основни средства , ситен инвентар, побарувања, обврски и благајна на ден 31.12.2025 година, оригиналните пописни листи и пропратните документи за вршење попис за 2025 година заедно со оваа Одлука да се доставaт до Одделението за финансиски прашања.

**Член 3**

Одделението за финансиски прашања се задолжува да ги спроведе потребните сметководствени работи во согласност со Извештајот на пописната комисија за извршениот попис со состојба на ден 31.12.2025 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник” на општина Крива Паланка.

**Број 09-402/39** **Совет на Општина Крива Паланка**
**30.01.2026 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2025 година**

1. Се објавува Одлука за усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2025 година ,што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 30.01.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 402/40**
**02.02.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/2002 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 14 став (1) точка (29) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23 ,14/23 05/2024 и 09/2024), а согласно член 3 став (2) и член 21 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање право на користење на недвижна ствар – деловна просторија (канцеларија 1) на Агенција за храна и ветеринарство

**Член 1**

Со оваа Одлука на Агенција за храна и ветеринарство се дава право на користење на определено време и со надомест врз недвижна ствар – деловна просторија (канцеларија 1) во објект (зграда) број 2, влез 1, кат 2, која се наоѓа на ул.„Св.Јоаким Осоговски“ бр.175, евидентирана на К.П.бр.805/1, сопственост на Општина Крива Паланка, со површина од 20м2.

**Член 2**

Висината на месечниот надоместок на деловната просторија опишана во член 1 од оваа Одлука изнесува **1.822,00 денари,** согласно со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и Извештај за процена на пазарна вредност на недвижен имот со бр.0302/47 од 23.01.2026 година на ДПК „ЛИДЕР ТИМ“ ДОО Скопје.

**Член 3**

